Пишува:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**





# VECTRA INSIGNIA

Кога "Opel" го објави GTC на Саемот за автомобили во Женева, сите очекуваа да биде објавен и наследникот на Vectra. Сега се знае дека наследникот го менува и името во Insignia, сè со цел "Opel" да ги привлече младите купувачи. Премиерното претставување е закажано за јули 2008 година и ќе се случи на британското мото шоу. За да се приближи до младите купувачи, новата Insignia е со комплетно редизајниран ентериер. Таблата и сите покажувачи се тркалезни, нагласувајќи го спортскиот изглед, слично како Alfa Romeo 156. Во централната конзола ќе биде инсталиран LCD дисплеј со GPS навигација. Од соработката меѓу "Opel" и "Vauxall" ова возило ќе биде прво кое ќе ја користи новата Epsilon 2 платформа, која ќе биде достапна со погон на предните или на сите четири тркала. Подвозјето, исто така, ќе дозволи Insignia да биде подолга, поширока и покомфорна од Vectra. Со еден збор - попространа и поспортска. Мотори кои ќе се понудат за возилото се: бензински V6 2.8 турбо, кој е со моќност од 300 кс и дизел V6 2.7 со 200 кс.



# MERCEDES-BENZ CLC





"Mercedes-Benz" го претстави новиот CLC, несовладлив модел во купе фамилијата.

Според дизајнот, технологијата и опремата, Sports Coupe ги исполнува барањата на младите возачи кои бараат атлетско возило, кое ќе им ги гарантира стандардите на ѕвездата: безбедност, комфор, функционалност и еколошка компатибилност.

Споредено со претходното Sports Coupe, инженерите на "Mercedes" развиле нови или подобриле неверојатни 1.100 компоненти. Карактеристики на новиот CLC е надградениот четирицилиндричен мотор, кој развива 185 кс, со намалена потрошувачка до 10.8 проценти, навигација која ја покрива цела Европа, Media Intrfacec и нов direct-steer управувач.

## ФЛЕШ ВЕСТИ

### BORGWARD СЕ ВРАЌА

Непрежалената луксузна германска марка Borgward, која банкротираше во 1961 г. се враќа на сцена. На чело на процесот е Кристијан Боргвард, внук на легендарниот основач Карл Боргвард. Планот на Кристијан Боргвард е да ја оживее марката со помош на неколку инвеститори кои доаѓаат од Азија. Централата ќе биде во Бремен, домот на оригиналниот Borgward, а првиот нов модел веќе се тестира. Производството на автомобилот прво ќе им биде доверено на мали производители, како "Karmann" или "Magna Steyr", а подоцна се планира и изградба на сопствена фабрика заедно со оддели за развој и за дизајн. Плановите на внукот на Боргвард воопшто не се за потценување. За почеток тој предвидува производство од 50.000 автомобили годишно, кои ќе им се нудат на купувачите по цена од 65.000 до 90.000 евра. Новиот модел на Borgward, чие име сè уште се крие од јавноста, ќе напаѓа во сегментот каде владее големата германска тројка Audi A6/Mercedes Klasa E/BMW Серија 5.


ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА
ДЕНТА НОВА

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија

Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com



SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA"